| | |
|---|---|
| **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО<br>ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН<br>КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА** | **REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT<br>PROKURORIA THEMELORE PUBLIKE<br>PËR NDJEKJEN E KRIMIT TË ORGANIZUAR<br>DHE KORRUPSIONIT** |

**А бр.65/24-1**
**Скопје, 06.02.2024 година**

Врз основа на член 37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15 и бр.11/16), Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас бр.1/2023 објавен во дневните весници „Нова Македонија, „Коха“ и „Вечер“ за вработување на јавнообвинителски службеник во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и тоа за работно место **– В1 Јавнообвинителски советник истражител - 1 извршител,** врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

   - **Ведат Салихи**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

О б л а з л о ж е н и е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија, „Коха“ и „Вечер“ објави јавен оглас бр.1/23 за пополнување на работно место **– В1 Јавнообвинителски советник истражител - 1 извршител** во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 1/23 врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор, Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласна табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителската служба во рок од 8 (осум) дена на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА**
**ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН**
**КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА**

**Islam Abazi**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Јавното обвинителство на РСМ
- Одделение за управување со човечки ресурси.
- Избраниот кандидат
- Архива